Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT**
**PËR MBROJTJEN E FËMIJËVE**

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtjen e fëmijëve (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005 dhe 98/2008), në nenin 30-a në paragrafin 1 fjalët: “për vitin paraprak” zëvendësohen me fjalët: “të shpallura para dy vjetësh nga viti rrjedhës”.

Në paragrafin 2 fjalët: “me vendbanim të përhershëm në Republikën e Maqedonisë”, zëvendësohen me fjalët: “me vendbanim të përhershëm prej së paku tre vjetësh në komunat nga paragrafi 1 i këtij neni”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”, ndërsa do të zbatohet nga 1 janari 2009.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**2127.**

Врз основа на член 12 став 2 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05 и 4/08), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ И ИЗНОСОТ НА ЦАРИНСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА НАПРАВЕНИ УСЛУГИ ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА**

Член 1

Во Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/07), по членот 2 се додава нов член 2а, кој гласи:

„Член 2а

Одредбите на член 2 во однос на видот и износот на царинските надоместоци под реден број 3 и 6 ќе се применуваат до 01.01.2009 година.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 30590/3
25 август 2008 година — Министер за финансии,
Скопје — д-р **Трајко Славески**, с.р.

---

**2128.**

Врз основа на член 49-г став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/04, 81/05, 107/07 и 103/08), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ УСЛУГИ И ПОЧЕТНАТА ВИСИНА НА ЗАКУПНИНАТА НА ДЕЛОВНИОТ И РЕКЛАМНИОТ ПРОСТОР НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместоците за извршена услуга за користење на граничниот премин влез и користење на терминал, како и почетната висина на закупнината на деловниот и рекламниот простор на граничните премини за патен сообраќај.

Член 2

Висината на надоместокот за извршената услуга влез и користење на терминал изнесува:

| Опис на услугата | Износ во денари |
|---|---|
| Влез и користење на терминал каде стоката се става на увид и се врши преглед | |
| 1. Возила, товарни возила и комбиња до 72 часа | 1000,00 |
| 1.1 За секои нареднi 24 часа се наплатува дополнителни | 1000,00 |

Надоместокот од став 1 на овој член, се наплатува на граничниот премин за патен сообраќај.

Член 3

Почетна цена на закупнината на деловниот простор на граничните премини за патен сообраќај изнесува 3.000,00 денари по метар квадратен, а почетна цена на закупнината на рекламниот простор на граничните премини за патен сообраќај изнесува 1.300,00 денари по метар квадратен.

Член 4

Одредбите од член 3 на овој правилник, не се однесуваат на договорите за давање под закуп на деловниот и рекламниот простор на граничните премини за патен сообраќај склучени до денот на влегување во сила на овој правилник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 3-ти септември 2008 година.

Бр. 25-32371/3
27 август 2008 година — Министер за финансии,
Скопје — д-р **Трајко Славески**, с.р.